**20221972731**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 септември 2022 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 28/22, 56/22, 69/22, 88/22, 117/22, 123/22 и 171/22) во членот 2 став (2) во табелата по подмерката 1.19. се додава нова подмерка 1.20. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.20. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.10 за произведено и предадено грозје во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија | Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се корисници на подмерката 1.10. од оваа уредба, а кои имаат површини под лозови насади и остварено производство на винско грозје од реколта 2022 година, кое е предадено во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија или е преработено за потребите на сопствениот преработувачки капацитет регистриран за производство на вино во Република Северна Македонија.<br>Висината на дополнителните директни плаќања изнесува 2 денари по килограм. |

“

Член 2

Во членот 4 точката 3. се менува и гласи:

„До 25 декември 2022 година за подмерките 1.6., 1.9. и 1.20. од членот 2 став (2) од оваа уредба.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7511/1
6 септември 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.